СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТА

**Македонија на 83-то место во извештајот на Институтот за економија и мир**

Република Македонија е рангирана на 83-то место од вкупно 149 земји во светот според Индексот на светскиот мир, а во регионот на Централна и Источна Европа се наоѓа на 15-то место од вкупно 27 држави.

Според, Институтот за економија и мир, кој го објавува извештајот за 2010 година, почитувањето на човековите права во Македонија е подобрено, но сепак земјата не може да биде повисоко рангирана поради криминалот и лесниот пристап до оружје.

Извештајот покажува дека глобалниот мир се влошува втора година по ред. Највисоко рангирани во светски рамки се Нов Зеланд, Исланд, Јапонија, Австрија и Норвешка, а на дното се наоѓаат Ирак, Сомалија, Авганистан, Судан и Пакистан.

Целта на индексот е да „овозможи преглед на тоа како земјите, бизнисите и меѓународните организации може да му помогнат на светот да напредува кон мир“

Со употреба на методолошки систем на просек, според Индексот, Западна Европа е „најмирниот регион“, потоа Северна Америка, па следат Централна и Источна Европа.

**Институт за економски стратегии и меѓународни односи - ОХРИД**
Димитрије Туцовиќ 24, Скопје, Македонија тел/факс +389 2 322 44 57
www.oi.org.mk; e-mail: info@oi.org.mk